Република Македонија
**Министерство за финансии**

Бр. 12-сл
Скопје __.__.2014 година
Република Македонија
Министерство за финансии
Ул. Луј Пастер 6б
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3106 739
Е-пошта: ivan.nedev@finance.gov.mk
Веб страна: finance.gov.mk

Предмет: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека од 01-03 декември 2014 година во Скопје ќе се одржи три дневен семинар на тема: "Advanced Risk Management – Focus on Operational Risk".

Семинарот е во организација на АТТФ – Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург, а ќе се одржи во Клубот на пратеници во Скопје од 9:00 до 17:00 часот.

Основната цел на семинарот е учениците да се запознаат со повеќе напредни концепти и техники за управување со ризиците во банкарското работење. Фокусот на семинарот е оперативниот ризик во контекст на Базел I, II и III како и оперативните аспекти на останатите ризици опфатени со овие регулативи. Семинарот е комбинација на теоретски предавања и практични вежби/студии на случај. Истиот е високо интерактивен врз основа на постојана размена на ставови и мислења.

Целна група се претставници од банки и Народната банка на Република Македонија, како и од останати институции кои сметаат дека би имале корист од оваа обука. Од учесниците се бара да имаат одлично познавање на англиски јазик. Учеството не предвидува плаќање на котизација.

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество ќе ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии (www.finance.gov.mk), секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки (http://finance.gov.mk/node/665).

Ве молиме да номинирате најмногу два претставника од Вашата институција согласно целната група. Апликациите се доставуваат најдоцна до 18-ти ноември (вторник) 2014 година на долунаведените e-mail адреси.

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица. Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор

Контакт лица: Иван Недев тел: 3255-370, E-mail: ivan.nedev@finance.gov.mk
Стефан Додов тел: 3255-356, E-mail: stefan.dodov@finance.gov.mk